# СЛУЖБЕН ГЛАСНИК НА ОПШТИНА ПРОБИШТИП

Број 9/2023 18.07.2023 година Излегува по потреба


Врз основа на член 50 став 1 точка 3 од Законот за локална самоуправа (Службен Весник на РМ бр.5/2005) и член 38 став 1 од Статутот на општина Пробиштип ( Службен Гласник на општина Пробиштип бр.4/2005, 25/2014, 29/2015 и 23/2019), Градоначалникот на општина Пробиштип го донесе следното:

## Р Е Ш Е Н И Е
**За објавување на актите на Советот на општина Пробиштип**

I. Се објавуваат актите донесени од Советот на општина Пробиштип на седницата бр.27/2023 одржана на ден 17.07.2023 година, во Службен Гласник на општина Пробиштип и тоа:

1. Одлука за давање на согласност за формирање на паралелеки со помал број на ученици во ООУ Никола Карев Пробиштип за учебната 2023/2024 бр. 26-692/3,
2. Одлука за давање согласност на Годишен план за вработување на ООУ Никола Карев Пробиштип за 2024 година бр. 26-692/4,
3. Одлука за отпочнување на постапка за ставање во мирување на Подрачното училиште во с. Стрмош бр. 26-692/5,
4. Одлука за давање на согласност за формирање на паралелени со помал број на ученици во ООУ Браќа Миладиновци Пробиштип за учебната 2023/2024 бр. 26-692/6,
5. Одлука за давање на согласност на Годишен план за вработување на ООУ Браќа Миладиновци Пробиштип за 2024 година бр. 26-692/7,
6. Одлука за проширување во Буџетот на Општина Пробиштип за 2023 година бр. 26-692/8,
7. Одлука за измена на распоредот на средствата во Буџетот на Општина Пробиштип за 2023 година бр. 26-692/9,
8. Одлука за продолжување на работното време на угостителските објекти во општина Пробиштип за време на одржување на Манифестацијата „Недела на спорт и култура“ 2023 година бр. 26-692/10,
9. Одлука по барање од Здружение на граѓани Леговец ленд Пробиштип бр. 26-692/11,

II.Решението влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во Службен Гласник на општина Пробиштип.

Број 08-692/14
18.07.2023 година
Пробиштип

ОПШТИНА ПРОБИШТИП
ГРАДОНАЧАЛНИК,
Драган Анастасов с.р.

---

Врз основа на член 21 став 1 точка 43 од Стаутот на општина Пробиштип (Службен Гласник на општина Пробиштип бр.4/2005, 25/2014, 29/2015 и 23/2019) и член 53 став 6 од од Закон за основно образование („Службен весник на Република Северна Македонија“ бр. 161/19 и 229/20) Советот на општина Пробиштип на седницата одржана на ден 17.07.2023 година, постапувајќи по барањето поднесено од ООУ „Никола Карев“ од Пробиштип бр. 03-270/1 од 22.06.2023 година, ја донесе следната:

**О Д Л У К А**
**за давање согласност за формирање на паралелки со помал број на ученици во ООУ „Никола Карев“ од Пробиштип за учебната 2023/2024 година**

**Член 1**

*СЕ ДАВА СОГЛАСНОСТ* на Општинското основно училиште „Никола Карев“ од Пробиштип за формирање на паралелки со помалку од 20 ученици во учебната 2023/2024 година и тоа во:

ООУ Никола Карев -Пробиштип :

| Паралелка | IA | IБ | II A | II B | III A | III Б | IV A | IV Б | V A | V Б | VI A | VI Б | VI В | VII A | VII Б | VII В | VIII A | VIII Б | VIII В | IX A | IX Б | IX В |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| Ученици | 20 | 19 | 13 | 11 | 20 | 20 | 18 | 18 | 18 | 17 | 17 | 17 | 16 | 14 | 15 | 14 | 16 | 18 | 16 | 13 | 14 | 15 |

ПУ с. Стрмош:

| Паралелка | Комбинирана паралелка II-III одд. | |
|---|---|---|
| Ученици | II одделение-1 ученик<br>III одделение-1 ученик | |

**Член 2**

Одлуката стапува на сила со објавувањето во Службен Гласник на општина Пробиштип.

Број 26-692/3 СОВЕТ НА ОПШТИНА ПРОБИШТИП
17.07.2023 година ПРЕТСЕДАВАЧ
Пробиштип Борче Миланов с.р.

---

Врз основа на член 36 став 1 точка 1 од Законот за локалната самоуправа (Службен Весник на Република Македонија бр.5/2002) и член 5 став 2 и член 20-б од Законот за вработените во јавниот сектор („Службен весник на Република Македонија“ бр. 27/14, 199/14, 27/16, 35/18 и 198/18 и „Службен весник на Република Северна Македонија“ бр. 143/19 и 14/20), Советот на Општина Пробиштип на седницата одржана на ден 17.07.2023 година ја донесе следната:

**ОДЛУКА**
**За давање согласност на годишен план за вработување на ООУ Никола Карев Пробиштип за 2024 година**

Член 1

Се дава согласност на годишниот план за вработување на ООУ Никола Карев Пробиштип за 2024 година бр. 04-264/1 од 22.06.2023 година.

Член 2

Составен дел на оваа одлука е годишниот план за вработување на ООУ Никола Карев Пробиштип за 2024 година бр. 04-264/1 од 22.06.2023 година.

Член 3

Одлуката стапува во сила со објавувањето во Службен Гласник на Општна Пробиштип

Број 26-692/4 СОВЕТ НА ОПШТИНА ПРОБИШТИП
17.07.2023 година ПРЕТСЕДАВАЧ
Пробиштип Борче Миланов с.р.

---

Врз основа на член член 36, став 1, точка 15 од Законот за локална самоуправа (Службен Весник на Република Македонија бр.5/2002) и член 51, став 1 од Статутот на општина Пробиштип (Службен Гласник на општина Пробиштип бр.4/2005, 25/2014, 29/2015 и 23/2019) Советот на општина Пробиштип на седницата одржана на ден 17.07.2023 година, разгледувајки го Известувањето од ООу Никоа Карев Пробиштип бр. 08-271/1 од 22.06.2023 година, го донесе следниот:

## ОДЛУКА
**За отпочнување на постапка за ставање во мирување на Подрачното училиште село Стрмош**

Член 1

Со оваа одлука се отпочнува постапка за ставање во мирување на Подрачното училиште во село Стрмиш, кое работеше во склоп на ООУ Никола Карев Пробиштип, поради немање на ученици.

Член 2

Наставниот кадар кој работеше во ПУ с.Стрмош ќе биде прераспореден, а на учениците ќе им биде обезбеден превоз на товар на училиштето.

Член 3

Одлуката да се достави до Министерството за образование на согласност.

По добивање на согласност од Министерството за образовани, основачот ќе донесе оодлука за ставање во мирување на ПУ с.Стрмош.

Член 4

Одлуката стапува во сила со објавувањето во службен Гласник на Општина Пробиштип

Број 26-692/5<br>17.07.2023 година<br>Пробиштип

СОВЕТ НА ОПШТИНА ПРОБИШТИП<br>ПРЕТСЕДАВАЧ<br>Борче Миланов с.р.

---

Врз основа на член 21 став 1 точка 43 од Стаутот на општина Пробиштип (Службен Гласник на општина Пробиштип бр.4/2005, 25/2014, 29/2015 и 23/2019) и член 53 став 6 од од Закон за основно образование („Службен весник на Република Северна Македонија“ бр. 161/19 и 229/20) Советот на општина Пробиштип на седницата одржана на ден 17.07.2023 година, постапувајќи по барањето поднесено од ООУ „Браќа Миладиновци “ од Пробиштип бр. 26-666/2 од 23.06.2023 година, ја донесе следната:

## О Д Л У К А
**за давање согласност за формирање на паралелки со помал број на ученици во ООУ „Браќа Миладиновци“ од Пробиштип за учебната 2023/2024 година**

Член 1

*СЕ ДАВА СОГЛАСНОСТ* на Општинското основно училиште „Браќа Миладиновци“ од Пробиштип за формирање на паралелки со помалку од 20 ученици во учебната 2023/2024 година и тоа во:

ООУ „Браќа Миладиновци“ – Пробиштип:

| Одделение | Број на ученици |
|---|---|
| 1а | 16 |
| 1б | 15 |
| 2а | 19 |
| 2б | 16 |
| 3а | 17 |
| 3б | 16 |
| 4а | 16 |
| 5а | 19 |
| 5б | 17 |
| 6а | 17 |
| 6б | 17 |
| 6в | 15 |
| 7а | 19 |
| 7б | 19 |
| 7в | 17 |
| 8а | 18 |
| 8б | 17 |
| 8в | 17 |
| 9а | 19 |

ПУ Злетово

| Одделение | Број на ученици |
|---|---|
| $1^1$ | 3 |
| $2^1$ | 18 |
| $4^1$ | 14 |
| $6^1$ | 15 |
| $8^1$ | 11 |
| $8^2$ | 12 |
| $9^1$ | 17 |

ПУ нас.Пробиштип

| Одделение | Број на ученици |
|---|---|
| Прво | 6 |
| Второ | 17 |

| | |
|---|---|
| четврто | 9 |
| петто | 14 |

ПУ с.Ратавица

- 1 (една) комбинирана паралелка од прво до трето одделение со 7 ученици,
- 1 (една) комбинирана паралелка од четврто и петто одделение со 3 ученици.

Член 2

Одлуката стапува на сила осум дена од објавувањето во Службен Гласник на општина Пробиштип.

Број 26-692/6 СОВЕТ НА ОПШТИНА ПРОБИШТИП
17.07.2023 година ПРЕТСЕДАВАЧ
Пробиштип Борче Миланов с.р.

---

Врз основа на член 36 став 1 точка 1 од Законот за локалната самоуправа (Службен Весник на Република Македонија бр.5/2002) и член 5 став 2 и член 20-б од Законот за вработените во јавниот сектор („Службен весник на Република Македонија“ бр. 27/14, 199/14, 27/16, 35/18 и 198/18 и „Службен весник на Република Северна Македонија“ бр. 143/19 и 14/20), Советот на Општина Пробиштип на седницата одржана на ден 17.07.2023 година ја донесе следната:

**ОДЛУКА**
**За давање согласност на годишен план за вработување на ООУ Браќа Миладиновци Пробиштип за 2024 година**

Член 1

Се дава согласност на годишниот план за вработување на ООУ Браќа Миладиновци Пробиштип за 2024 година бр. 04-361/1 од 23.06.2023 година.

Член 2

Составен дел на оваа одлука е годишниот план за вработување на ООУ Браќа Миладиновци Пробиштип за 2024 година бр. 04-361/1 од 23.06.2023 година.

Член 3

Одлуката стапува во сила со објавувањето во Службен Гласник на Општна Пробиштип

Број 26-692/7 СОВЕТ НА ОПШТИНА ПРОБИШТИП
17.07.2023 година ПРЕТСЕДАВАЧ
Пробиштип Борче Миланов с.р.

---

Врз основа на член 36 став 1 точка 2 од Законот за локална самоуправа (Службен Весник на Република Македонија бр. 5/2002) а во врска со член 34 од Законот за буџети (Службен Весник на Република Македонија 64/05, 4/08, 103/08, 156/09, 95/10, 180/11, 171/12, 192/15 и 167/16 и „Службен весник на Република Северна Македонија" бр. 151/21) Советот на Општина Пробиштип на седницата одржана на ден 17.07.2023 година, донесе:

## ОДЛУКА
**За проширување на средства на Буџетот на Општина Пробиштип за 2023 година**

Член 1

Со оваа одлука се врши проширување на средствата на Буџетот на Општина Пробиштип за 2023 година, на следниот начин:

| Потпрограма<br>Потставка | Самофин. | Дотации | Донации | Кредити |
|---|---|---|---|---|
| Се зголемуваат приходите на следните поставки | | | | |
| А00 Совет на општина | | | | |
| 723111Целодневна и претшколска грижа | 300.000 | 0 | 0 | 0 |
| 723412 Приходи од билети за културни манифестации | 500.000 | 0 | 0 | 0 |
| | 800.000 | 0 | 0 | 0 |
| И се распоредуваат на следните расходни потставки: | | | | |
| К20 МУЗИЧКА И СЦЕНСКО-УМЕТНИЧКА ДЕЈНОСТ | | | | |
| 425990 Др.договорни услуги | 500.000 | 0 | 0 | 0 |
| V10 ДЕТСКИ ГРАДИНКИ | | | | |
| 480190 Купување на друга опрема | 300.000 | 0 | 0 | 0 |
| | 800.000 | 0 | 0 | 0 |

Член 2

Оваа одлука влегува во сила со денот на објавувањето во Службен Гласник на Општина Пробиштип и станува составен дел на Буџетот на Општина Пробиштип за 2023 година.

Број 26-692/8<br>17.07.2023 година<br>Пробиштип

СОВЕТ НА ОПШТИНА ПРОБИШТИП<br>ПРЕТСЕДАВАЧ<br>Борче Миланов с.р.

Врз основа на член 36 став 1 точка 2 од Законот за локална самоуправа (Службен Весник на Република Македонија бр. 5/2002) а во врска со член 34 од Законот за буџети (Службен Весник на Република Македонија бр. 64/2005; 4/2008; 103/2008; 156/2009; 95/2010; 180/2011; 171/2012; 192/2015 и 167/2016 и Службен весник на Република Северна Македонија бр. 151/21) Советот на Општина Пробиштип на седницата одржана на ден 17.07.2023 година, донесе:

**ОДЛУКА**
**За измена на распоредот на средствата на Буџетот на Општина Пробиштип за 2023 година**

Член 1

Со оваа одлука се врши измена на распоредот на средствата на Буџетот на Општина Пробиштип за 2023 година, на следниот начин:

| Потпрограма<br>Потставка | Буџет | Самофин. | Дотации | Донации | Кредити |
|---|---|---|---|---|---|
| Е00ОПШТИНСК А АДМИНИСТРАЦИЈА | | | | | |
| 425990 Др.договорни услуги | 350.000 | 0 | 0 | 0 | 0 |
| Ј30 ЈАВНО ОСВЕТЛУВАЊЕ | | | | | |
| 421110Електрична енергија | -850.000 | 0 | 0 | 0 | 0 |
| К20 МУЗИЧКА И СЦЕНСКО-УМЕТНИЧКА ДЕЈНОСТ | | | | | |
| 425990 Др.договорни услуги | 500.000 | 0 | 0 | 0 | 0 |
| | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 |

Член 2

Оваа одлука влегува во сила со денот на објавувањето во Службен Гласник на Општина Пробиштип и станува составен дел на Буџетот на Општина Пробиштип за 2023 година.

Број 26-692/9
17.07.2023 година
Пробиштип

СОВЕТ НА ОПШТИНА ПРОБИШТИП
ПРЕТСЕДАВАЧ
Борче Миланов с.р.

---

Врз основа на член 36 став 1 точка 1 од Законот за локалната самоуправа (Службен Весник на РМ бр.5/2002) и член 23 став 3 од Законот за угостителската дејност (Службен Весник на РМ бр. 62/04, 89/08, 115/10, 53/11, 141/12, 164/13 и 187/13), а во врска одржување на манифестации во 2023 година, Советот на општина Пробиштип на седницата одржана на ден 17.07.2023 година ја донесе следната:

**О Д Л У К А**

**за продолжување на работното време на угостителските објекти во општина Пробиштип за време на одржување на Манифестацијата „Недела на спорт и култура“ 2023 година**

Член 1

Со оваа Одлука се продолжува работното време на сите угостителски објекти за време на одржување на манифестацијата: „Недела на спорт и култура“ по повод 28 Август во деновите 25, 26, 27 Август 2023 година (петок, сабота, недела).

Член 2

Работното време се продолжува на угостителските објекти за најмногу 2 (два) часа од утврденото работно време согласно Законот за угостителска дејност, но во времетраење најмногу до три дена.

Член 3

Одлуката стапува во сила со донесувањето, а ќе се објави во Службен Гласник на општина Пробиштип.

Број 26-692/10 СОВЕТ НА ОПШТИНА ПРОБИШТИП
17.07.2023 година ПРЕТСЕДАВАЧ
Пробиштип Борче Миланов с.р.

---

Врз основа на член член 36, став 1, точка 15 од Законот за локална самоуправа (Службен Весник на Република Македонија бр.5/2002) и член 51, став 1 од Статутот на општина Пробиштип (Службен Гласник на општина Пробиштип бр.4/2005, 25/2014, 29/2015 и 23/20019), Советот на општина Пробиштип на седницата одржана на ден 17.07.2023 година, го донесе следниот:

**ЗАКЛУЧОК**

1. Барањето од Здружението на граѓани Леговец ленд Пробиштип бр.26-681/1 од 03.07.2023 година се прифаќа и се одобрува:
   - 60.000 денари за набавка на бина, озвучување и осветлување,
   - Користење на повеќенаменско игралиште во Пробиштип без надоместок,
   - Подршка од ЈКП Никола Карев за поставување на канти за отпад и тезги.

2. Заклучокот влегува во сила со објавувањето во Службен Гласник на општина Пробиштип.

Број 26-692/11
17.07.2023 година
Пробиштип

СОВЕТ НА ОПШТИНА ПРОБИШТИП
ПРЕТСЕДАВАЧ
Борче Миланов с.р.

---

Врз основа на член член 36, став 1, точка 15 од Законот за локална самоуправа (Службен Весник на Република Македонија бр.5/2002) и член 51, став 1 од Статутот на општина Пробиштип (Службен Гласник на општина Пробиштип бр.4/2005, 25/2014, 29/2015 и 23/2019) Советот на општина Пробиштип на седницата одржана на ден 17.07.2023 година, го донесе следниот:

**ЗАКЛУЧОК**

1. НЕ СЕ УСВОЈУВА Финансискиот извештајот за реализација на реализација на Буџетот на Општина Пробиштип за период од 01.01 до 30.06.2023 година година.

2. Заклучокот влегува во сила со објавувањето во Службен Гласник на општина Пробиштип.

Број 26-692/12
17.07.2023 година
Пробиштип

СОВЕТ НА ОПШТИНА ПРОБИШТИП
ПРЕТСЕДАВАЧ
Борче Миланов с.р.

---